Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на РМ“, број 67/92) министерот за внатрешни работи на Република Македонија донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање на патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на РМ”, бр. 2/93), членот 13 се менува и гласи:

„По залепување на фотографијата се става самолеплива фолија.

На десната страна од фотографијата на местото каде стои потписот самолепливата фолија се вади заради потпишување на патната исправа од барателот.

На долниот десен агол од фотографијата во самата фолија е втиснат холограм со две рајски птици.

Издавањето на патната исправа и виза се заверува со печат на органот што го издал, кој се става од левата страна на потписот на службеното лице”.

Член 2

Во членот 16 бројот „5” се заменува со бројот „6”.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 122-40163/1
26 август 1993 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.

ДО ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНО
ПРЕТСТАВНИШТВО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОБРАЗЕЦ бр 6

фотографија

______________________

| примено | | | |
|---|---|---|---|
| број | вредност | такса | прилог |
| | | | |

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАТНА ИСПРАВА И ВИЗА

| | |
|---|---|
| 1. Презиме (за жени и моминско) | |
| 2. Име | |
| 3. Датум на раѓање | |
| 4. Место на раѓање и општина (за родени во странство и државата) | |
| 5. ЕМБГ- матичен број | |
| 6. Пол | |
| 7. Државјанство | |
| 8. Живеалиште и адреса на станот во Република Македонија | |
| 9. Живеалиште и адреса во странство | |
| 10. Име и презиме и датум и место на раѓање на таткото на подносителот на барањето | |
| 11. Име и презиме и датум и место на раѓање на мајката на подносителот на барањето | |
| 12. Последно место на живеење на родителите во Р. Македонија | |
| 13. Дали поседува патна исправа (број и орган кој ја издал) | |
| 14. Земја во која патува (ако бара виза) | |

______________________ 15. ______________________
место и датум потпис на подносителот

16. Деца

| презиме и име | датум на раѓање | сродство | пол |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

17. Пополнува службено лице

| | | | |
|---|---|---|---|
| назив на ПИ | | виза | |
| сериски број | | број на визата | |
| датум на издавање | | датум на издавање | |
| важи до | | важи до | |

______________________ ______________________
потпис на сл лице што ја врачило ПИ потпис на лицето што го решило барањето

______________________ ______________________
датум на врачување потпис на примателот на ПИ

МЕСТО ЗА ТАКСА

Образецот да се пополнува читливо За точноста на податоците одговара подносителот на барањето